РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 764
20.04.2017 година
СКОПЈЕ

19.5.2017
08 924/2

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Приватна и корпоративна безбедност на Филозофски факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Приватна и корпоративна безбедност на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 08-690/2 од 22.03.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-764 од 28.03.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Приватна и корпоративна безбедност на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 17-252/2 од 11.11.2016 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-764 од 05.04.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 07.04.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-764 од 11.04.2017 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Приватна и корпоративна безбедност на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Pishtar Lutfiu**

**Доставена до:**
- **Примач**
- **Архива**

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити